# Алатка за самооценување на младинските политики



Youth – Jeunesse

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

*The opinions expressed in this work are the responsibility of the authors and do not necessarily reflect the official policy of the Council of Europe.*

All requests concerning the reproduction or translation of all or part of this document should be addressed to the Directorate of Communication (F-67075 Strasbourg Cedex or publishing@coe.int). All other correspondence concerning this document should be addressed to the Directorate General of Democracy – Youth Department (youth@coe.int).

Cover and layout: Documents and Publications Production Department (SPDP), Council of Europe

Photos: © Council of Europe

This publication has not been copy-edited by the SPDP Editorial Unit to correct typographical and grammatical errors.

© Council of Europe, February 2021

Printed at the Council of Europe



# Вовед

Еден од приоритетите на меѓу-владината соработка на Советот на Европа во областа на младите е да се промовира и поддржи развојот на младинските политики.

Ова прашање спаѓа во надлежност на Европскиот управувачки комитет за младите - ЕУКМ (CDEJ), кој опфаќа претставници на министерствата или телата кои се одговорни за прашања поврзани со младите на 50 држави потписнички на Европската конвенција за културата.

ЕУКМ поттикнува соработка помеѓу владите во секторот за младите и овозможува рамка за споредување на националните младински политики, размена на најдобри практики и изготвување на стандарди.

Во оваа смисла, ЕУКМ официјално ја усвои оваа алатка за самооценување на напредокот на младинските политики, истовремено охрабрувајќи ги државите членки да ја користат и да ја дистрибуираат истата.

# Контекст на алатката за самооценување

Во отсуство на механизми за следење на работата на секторот за младите во рамки на Советот на Европа, ЕУКМ сметаше дека постои голема потреба меѓу владите на државите членки од изготвување на критериуми и методи за „мерење“ врз чија основа ќе се оценува напредокот постигнат со текот на времето.

Оттаму, ЕУКМ оцени дека е неопходно да се изготви збир на квалитативни одредници за младинските политики засновани, меѓу другото, на препораките усвоени од Комитетот на министри (а онаму каде е соодветно и на документи усвоени од други релевантни тела на Советот на Европа).

Врз основа на таквите одредници, беше изготвена алатка за самооценување која содржи индикатори за стандарди, со која власите одговорни за младите ќе можат да го идентификуваат напредокот постигнат со текот на времето во развојот на младинските политики и ќе можат да направат неопходни прилагодувања или измени.

Оваа алатка е изготвена со цел да им помогне на државите членки во самооценување на нивната усогласеност со стандардите на Советот на Европа за младински политики, како и да послужи како основа за натамошен развој на младинските политики според сопственото темпо.




# Клучни начела за јавните младински политики според Советот на Европа

Со текот на годините беа изготвени многу начела, цели и вредности коишто треба да се вградат и потенцираат во младинските политики.

Според Советот на Европа, младинските политики треба да ги промовираат следниве начела[1]

- Да се инвестира целесообразно во младите луѓе на кохерентен и сеопфатен начин, онаму каде е возможно преку пристап фокусиран на можностите наместо преку пристап ориентиран на проблемите, меѓу другото, и преку воведување на стандарди и инструменти за младинските политики каде што е потребно;
- Да се вклучат младите луѓе како во креирање на стратешки младински политики, така и во отсликување на нивните мислења за оперативната ефикасност во спроведувањето на тие политики;
- Да се создадат услови за учење, можности и стекнување искуства со коишто ќе се обезбеди младите луѓе да ги развиваат и надградуваат своите знаења, вештини и компетенции за да можат да имаат активна улога на пазарот на трудот и во општеството;
- Да се воспостават системи за собирање на обемни податоци со цел да се покаже делотворноста на младинските политики, како и да се утврди во која мера постојат „празнини во политиките“ во однос на ефективно обезбедување на сервиси за младите луѓе од одредени општествени групи, во одредени области или во одредени услови;
- Да се покаже посветеност кон надминување на таквите „празнини во политиките“ онаму каде тие очигледно постојат.

Овие општи начела посочуваат какви треба да бидат добрите младински политики. Државите членки, исто така, се охрабруваат да го следат влијанието и ефективноста на младинските политики што ги спроведуваат и да бидат подготвени да ги прилагодат (па дури и да ги укинат) доколку оценат дека тие политики се делумно или целосно неделотворни.

Меѓутоа, оваа алатката за самооценување директно не се однесува на клучните начела на младинските политики опишани погоре. Се охрабруваат сите чинители коишто сакаат да ја оценат усогласеноста на својот домен на работа со овие начела (било на локално, регионално, национално или европско ниво) да ја користат алатката на квалитативни стандарди изготвена од Европскиот младински форум - ЕМФ (YFJ), која ги опфаќа повеќето начела опишани погоре2

Фокусот на оваа алатка за самооценување е различен бидејќи со неа се оценува усогласеноста со стандардите на Советот на Европа кои се однесуваат на младинските политики.

1. Извор: „Советот на Европа и младинските политики: поддршка, помош и ресурси за креирање и развој на младинските политики во државите членки" (2016). Овие начела произлегоа од мноштво документи на Советот на Европа во однос на младинските политики, вклучително и описот на задачи и обврски на Европскиот управувачки комитет за младите (CDEJ) и Советодавното тело за младите (CCJ) и Збирката на младински политики (2012), каде се цитира завршниот извештај на Работната група за индикатори на младинските политики од 2003..
2. https://www.youthforum.org/toolkit-quality-standards-youth-policy.






# Суштински стандарди на Советот на Европа за младинските политики

Според ЕУКМ, опфатот и фокусот на младинските политики во Советот на Европа треба да продолжат и понатаму да ги промовираат темелните вредности на организацијата (човекови права, демократија и владеење на правото).

Шесте области на интервенција (види графички приказ) коишто ги утврди Советот на Европа за младинските политики се засноваат на стандардите усвоени од Советот на Европа во областа поврзана со младите (главно согласно препораките на Комитетот на министри). Тие треба да бидат фундамент за креирање и развој на младинските политики во рамки на организацијата.








# Како да се користи алатката за самооценување на младинските политики

Алатката има за цел да им помогне на државите членки, како и на останатите чинители од јавната сфера на различни нивоа (локално, регионално, национално, меѓународно) во самооценување на нивната усогласеност со стандардите на Советот на Европа во шест области на интервенција (учество, информирање, инклузија, пристап до правата, младинска работа и мобилност) коишто преставуваат фундамент за младинско ангажирање и развој на младинските политики на Советот на Европа.

Потребата младите луѓе да се поврзат со европските вредности, а поконкретно со темелните вредности на Советот на Европа (човекови права, владеење на правото, демократија) е од клучно значење. Советот на Европа од секогаш негува и се залага за јакнење на сознанието дека младинските политики се засновани на европските вредности и на чувството на припадност во Европа. Оттаму, оваа европска димензија треба да се промовира во сите шест области на младински политики на Советот на Европа.

Во секоја област на интервенција, алатката за самооценување дава конкретни и мерливи индикатори со кои државите членки можат да започнат да го мерат својот напредок во споредувањето на суштинските стандарди на Советот на Европа (главно согласно препораките на Комитетот на министри).

Критериумите за самооценување понатаму можат да помогнат и во мерење на напредокот кон остварување на секој индикатор одделно.

Согласно сличните алатки што ги употребува Советот на Европа[3], се очекува оваа алатка да им овозможи на државите членки:

- да ја зајакнат свеста и разбирањето на младинските политики;
- да спроведат првично самооценување на досегашното спроведување на младинските политики;
- да идентификуваат мерки неопходни за натамошно усогласување со стандардите;
- да потенцираат и споделат добри практики;
- да го мерат напредокот постигнат со текот на времето.

Се охрабруваат државите членки да ја користат оваа алатка за самооценување на нивната усогласеност со стандардите на Советот на Европа на динамичен начин, а доколку е соодветно и на редовна основа. Во таа смисла, алатката овозможува да се евидентираат позитивните трендови кои укажуваат на напредок, како и областите каде е потребно подобрување и можно натамошно делување.

Алатката е првенствено наменета за државите членки каде младинските политики се креираат на национално ниво. Меѓутоа, алатката исто така може да се користи и во федерални држави или во држави каде прашањата поврзани со младите се во надлежност на регионалните или локалните власти, иако за ова можеби ќе биде потребна дополнителна координација и тимска работа меѓу различните власти надлежни за овие прашања.

Се охрабруваат државите членки да ја споделат оваа алатка со релевантните чинители (на пример, министерства надлежни за прашања поврзани со младите, други министерства, младински организации, младински совети, регионални и локални власти, релевантни професионални групо кои работат со младите луѓе), со цел да се унапреди развојот на младинските политики засновани на вредности во цела Европа.

3. „Учеството на децата во алатката за оценување": алатка за самооценување со која се мери напредокот во спроведување на Препораката CM/Rec(2012)2 на Комитетот на министри до државите членки за учеството на децата и младите луѓе под 18 години.

# Резимиран приказ на главните индикатори со кои се мери напредокот во спроведувањето на стандардите на Советот на Европа

| Област на интервенција | Соодветни индикатори |
|---|---|
| **Учеството** | ► Учеството во младинските политики овозможува активно учество на сите млади луѓе во донесување на одлуки, особено оние коишто се однесуваат на нив и ги охрабруваат да се ангажираат како активни граѓани.<br>► Владата ги признава и ги подржува младинските организации, младинските совети и други младински иницијативи и структури. |
| **Информирање** | ► Младинските политики помагаат во обезбедување информации кои се прилагодени на младите, како и пристап на сите млади луѓе до истите, вон и на интернет (offline и online).<br>► Младинските политики создаваат можности за младите луѓе да ги надградуваат своите компетенции за управување со информациите. |
| **Инклузија** | ► Младинските политики ја унапредуваат инклузија на младите луѓе кои се наоѓаат во ранлива положба во сите области на животот (вклучително образование и обука, вработување и занимање, домување, здравствена заштита, спорт, слободни активности и култура).<br>► Младинските политики се насочени кон спречување на дискриминација, насилство и исклученост на младите луѓе по која било основа[4]. |
| **Пристап до правата** | ► Младинските политики подобруваат и овозможуваат поефективен пристап на сите млади луѓе до правата и отстрануваат какви било правни, административни или практични пречки во тој пристап.<br>► Младинските политики поттикнуваат координираност во насока на унапредување на пристапот на младите луѓе до правата преку соработка во сите релевантни секторски политики на меѓународен, национален, регионален и локален план. |
| **Младинска работа** | ► Воспоставувањето и развојот на квалитетна младинска работа се гарантира и проактивно се поддржува во локалните, регионалните и националните младински политики.<br>► Компетенциите на младите кои работат на платена или волонтерска основа гарантираат високо-квалитетна младинска работа. |
| **Мобилност** | ► Младинските политики подржуваат мобилност на младите, особено со цел да се зајакне чувството на припадност во Европа.<br>► Младинските политики поттикнуваат развој на квалитетни проекти за мобилност. |

4. Како што е изрично предвидено во член 14 од Европската конвенција за човекови права или во судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

## УЧЕСТВОТО

| Правна основа |
|---|
| ► Препорака Rec(2006)14 на Комитетот на министри до државите членки за граѓанството и учеството на младите луѓе во јавниот живот<br>► Препорака Rec(2004)13 на Комитетот на министри до државите членки за учеството на младите луѓе во локалниот и регионалниот живот<br>► Ревидирана европска повелба за учеството на младите луѓе во локалниот и регионалниот живот на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа<br>► Препорака Rec(2006)1на Комитетот на министри до државите членки за улогата на националните младински совети во развојот на младинските политики<br>► Европска конвенција за човекови права, член 11 (слобода на собирање и здружување)<br>► Препорака за учеството на децата и младите луѓе под 18 години и алатката за оценка на учеството за децата |

### Индикатор 1

Младинските политики овозможуваат активно учество на сите младите луѓе во донесување на одлуки, особено на оние коишто се однесуваат на нив и ги охрабруваат да се ангажираат како активни граѓани

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно[5] | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Младинските политики им овозможуваат на младите луѓе да бидат активни граѓани, особено преку обезбедување можности за учење и стекнување искуство со што ќе се зголеми нивното учество во јавниот живот. | | | | |
| Воспоставени се соодветни структури и начини со кои се овозможува учество на сите млади луѓе, вклучително и оние кои се во ранлива положба, во донесување на одлуки и дебати коишто се однесуваат на нив. | | | | |
| Се поттикнува размена и користење на добри практики за ефективно и иновативно учество на локално, регионално и национално ниво. | | | | |

5. „Или „во тек“

| Индикатор 2 |
|---|
| Владата ги признава и подржува младинските организации, младинските совети и други младински иницијативи и структури |

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Се гарантира правото на младите луѓе да се здружуваат со други и да основаат тела со цел колективно да се залагаат и дејствуваат во насока на остварување на заеднички цели. | | | | |
| Младинските организации, совети и иницијативи се обезбедени со простор, финансиски средства и материјална поддршка неопходна за нивно непречено и делотворно делување. | | | | |
| Постојат независни младински организации и младински совети на локално, регионално и национално ниво и тие имаат активна улога во развојот и спроведувањето на младинските политики. | | | | |

| Позитивни трендови кои ќе овозможат понатамошен напредок |
|---|
| |

| Области за подобрување и можно натамошно делување |
|---|
| |

## ИНФОРМИРАЊЕ

**Правна основа**

- Препорака CM/Rec(2010)8 на Комитетот на министри до државите членки за младинското информирање
- Препорака No. R (90)7 на Комитетот на министри до државите членки за информирање и советување на младите луѓе во Европа
- Други релевантни иницијативи на Советот на Европа:
  - Стратегија за управување со интернетот 2016-2019
  - Препорака R(97)20 на Комитетот на министри до државите членки за „говорот на омраза"
  - Кампања на Движењето „Не за говорот на омраза"

**Индикатор 1**

Младинските политики овозможуваат информации прилагодени на младите, како и пристап до информации, вон и на интернет (offline и online)

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Се обезбедуваат сервиси за информирање и советување на младите на локално и регионално ниво. | | | | |
| Се обезбедуваат сервиси за информирање и советување на младите на национално ниво. | | | | |
| Формите и каналите за информирање на младите се прилагодени на променливите потреби и интереси на младите луѓе, вклучително и на новите информатички технологии. | | | | |
| Младите луѓе се вклучени во изготвување и развивање на младински информациски содржини и канали. | | | | |
| Сервисите за информирање и советување на младите се насочени кон задоволување на потребите на младите луѓе кои се во понеповолна положба. | | | | |

**Индикатор 2**

Младинските политики создаваат можности за надградување на компетенциите на младите луѓе за управување со информации

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Информациите / дигиталната писменост, вклучително и критичкото размислување се дел од формалното образование. | | | | |
| Информациите / дигиталната писменост, вклучително и критичкото размислување се дел од неформалното и иформално образование. | | | | |
| Младинските политики ја јакнат свеста на младите луѓе за ризиците со кои се соочуваат како корисници и креатори на информациите на интернет (online), вклучително и за заштита на нивните лични податоци. | | | | |

**Позитивни трендови кои ќе овозможат понатамошен напредок**

**Области за подобрување и можно натамошно делување**

## ИНКЛУЗИЈА

**Правна основа**

- Препорака CM/Rec(2015)3 на Комитетот на министри до државите членки за пристапот на младите луѓе од запоставените средини до социјални права (ENTER)
- Препорака CM/Rec(2016)7 на Комитетот на министри до државите членки за пристапот на младите луѓе до правата

**Индикатор 1**

Младинските политики ја унапредуваат инклузија на младите луѓе кои се наоѓаат во ранлива положба во сите области на животот (вклучително образование и обука, вработување и занимање, домување, здравствена заштита, спорт, слободни активности и култура).

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Младинските политики посебно водат грижа за потребите на младите луѓе кои се наоѓаат во ранлива положба. | | | | |
| Се преземаат конкретни мерки за унапредување на инклузијата на сите млади луѓе, особено преку и во рамките на младинската работа, мобилноста, учеството и информирањето. | | | | |
| Младинските политики градат мостови во образовните политики, со цел унапредување на инклузијата на младите луѓе. | | | | |
| Младински политики градат мостови во политиките за вработување, со цел унапредување на инклузијата на младите луѓе. | | | | |
| Младински политики градат мостови во политиките за домување и здравствена заштита, со цел унапредување на инклузијата на младите луѓе. | | | | |

**Индикатор 2**

Младинските политики се насочени кон спречување на дискриминација, насилство и исклученост со кои се соочуваат младите луѓе по која било основа[6]

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Се преземаат конкретни мерки за да се овозможи сите младите луѓе да имаат активна улога во општеството без дискриминација. | | | | |
| Се признава посебната ранливост на одредени младите луѓе од аспект на дискриминација и стигматизација и се преземаат мерки за справување со проблемот. | | | | |
| Се преземаат мерки за унапредување на социјалната кохезија и позитивните односи меѓу луѓето со различно потекло и идентитет, вклучително и преку и во рамки на младинската работа. | | | | |

**Позитивни трендови кои ќе овозможат понатамошен напредок**

**Области за подобрување и можно натамошно делување**

6. Како што е изрично предвидено во член 14 од Европската конвенција за човекови права или со судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

# ПРИСТАП ДО ПРАВАТА

| Правна основа |
|---|
| ► Препорака CM/Rec(2016)7 на Комитетот на министри до државите членки за пристапот на младите луѓе до правата<br>► Препорака CM/Rec(2010)7 на Комитетот на министри до државите членки за Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права |

**Индикатор 1**

Младинските политики ефективно го унапредуваат и овозможуваат пристапот на сите млади луѓе до правата и ги отстрануваат сите правни, административни и практични пречки во тој пристап[7]

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Младинските политики придонесуваат за отстранување на пречките за пристапно и квалитетно образование и обука за сите млади луѓе. | | | | |
| Младите луѓе добиваат поддршка за да ги надминат потешкотиите со кои се соочуваат при обезбедување стабилно и суштествено вработување, како и негативните последици од тешките животни услови. | | | | |
| Предвидени се мерки за задоволување на специфични потреби на младите луѓе во областа на социјалната и здравствената заштита. | | | | |

**Индикатор 2**

Младинските политики поттикнуваат координираност во насока на унапредување на пристапот на младите луѓе до правата преку соработка во сите релевантни секторски политики на меѓународно, национално, регионално и локално ниво

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Младинските политики обезбедуваат достапност на образованието за човекови права и образованието за демократско граѓанство до младите луѓе. | | | | |
| Чинителите кои се вклучени во сите релевантни секторски политики меѓусебно комуницираат и соработуваат со цел да се унапреди пристапот на младите луѓе до правата. | | | | |
| Се оценува постоечкото и планираното законодавство или програми со кои се унапредува и гарантира пристапот на младите луѓе до правата и се преземаат соодветни мерки за поддршка. | | | | |

**Позитивни трендови кои ќе овозможат понатамошен напредок**

**Области за подобрување и можно натамошно делување**

7. Пристап до правата кои се вклучени во Препораката CM/Rec(2016)7 и кои се веќе опфатени со останатите области на интервенција (на пример, учество, инклузија), било на ниво на индикатори или на ниво на критериуми за оценувања, не се посебно споменати во овој дел.

## МЛАДИНСКА РАБОТА

| Правна основа |
|---|
| ► Препорака CM/Rec(2017)4 на Комитетот на министри до државите членки за младинската работа |
| **Индикатор 1** |
| Воспоставувањето и развојот на квалитетна младинска работа се обезбедува и проактивно се подржува во младинските политики на локално, регионално и национално ниво |

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Изготвени се стратегии, рамки, законодавство, одржливи структури и ресурси кои поддржуваат младинска работа. | | | | |
| Се промовира еднаков пристап до младинската работа за сите млади луѓе преку ефективна координација со другите сектори и релевантни политики. | | | | |
| Младите работници и младите луѓе активно учествуваат во развојот на младинската работа. | | | | |

| Индикатор 2 |
|---|
| Компетенциите на младите кои работат на платена или волонтерска основа гарантираат високо-квалитетна младинска работа |

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
|---|---|---|---|---|
| Изготвена е кохерентна и флексибилна рамка заснована на компетенции според образованието и обуката на младите кои работат на платена или волонтерска основа. | | | | |
| Секоја ваква рамка ги зема предвид постојните практики, нови трендови и области, како и разноликоста на младинската работа. | | | | |
| Чинителите, вклучително и младите работници и младите луѓе, се вклучени во изготвување на оваа рамка. | | | | |

| Позитивни трендови кои ќе овозможат понатамошен напредок |
|---|
| |
| **Области за подобрување и можно натамошно делување** |
| |

# МОБИЛНОСТ

| Правна основа |
| --- |
| ► Резолуција (91) 20 со која се постигна делумна согласност за младинската карта со цел да се поттикне и помогне мобилноста на младите во Европа<br>► Препорака R (95) 18 на Комитетот на министри до државите членки за младинската мобилност |

**Индикатор 1**

Младинските политики подржуваат мобилност на младите, особено со цел да се зајакне чувството на припадност на Европа

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Посебни делови од политиките, програмите и можностите за учење и откривање ги поттикнуваат младите луѓе на општествена, културна, образовна и економска мобилност. | | | | |
| Достапни се информации и сервиси за советување за можностите за младинска мобилност. | | | | |
| Со проектите за мобилност се промовира чувството на припадност на Европа, особено во однос на вредностите и принципите на Советот на Европа за интеркултурно учење. | | | | |

**Индикатор 2**

Младинските политики поттикнуваат развој на квалитетни проекти за мобилност

| Критериуми за самооценување | Да | Не целосно | Не | Примери на добри практики |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Проектите за мобилност ги исполнуваат начелата за квалитет, какви што се насоките содржани во „Европската повелба за квалитет на мобилното учење во областа на младите." | | | | |
| Се стекнува и се споделува знаење и најдобри практики за младинската мобилност со цел да се подржат подобри решенија во политиките. | | | | |

**Позитивни трендови кои ќе овозможат понатамошен напредок**

**Области за подобрување и можно натамошно делување**

Потребата младите луѓе да се поврзат со европските вредности, а поконкретно со темелните вредности на Советот на Европа (човекови права, владеење на правото, демократија) е од клучно значење. Советот на Европа од секогаш негува и се залага за јакнење на сознанието дека младинските политики се засновани на европските вредности и на чувството на припадност во Европа.

Во оваа смисла, Европскиот управувачки комитет за младите (ЕУКМ) официјално ја усвои оваа алатка за самооценување на развојот на младински политики.

Алатката е изготвена со цел да им помогне на државите членки во самооценување на нивната усогласеност со стандардите на Советот на Европа за младински политики, како и да послужи како основа за натамошен развој на младинските политики според сопственото темпо. Се очекува оваа практична алатка да им овозможи на државите членки и на другите чинители да ги потенцираат и да ги споделат своите добри практики и да го мерат напредокот постигнат со текот на времето.

PREMS 012521

MKD

**www.coe.int**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

Youth – Jeunesse

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE